Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
Бр. 10-1801/3
29-09-2025 20 __ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2025/2026 година (бр. 09-1092/11 од 16.9.2025 г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ објавува

**И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С**
**за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител **кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година**

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестар на прв циклус на студии во учебната 2025/2026 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:
   - **само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или;**
   - **починат родител, или**
   - **родител кој го загубил родителското право.**

3. За спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој Оглас, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје формира комисија.

4. Апликантите, **најдоцна до 14.10.2025 година до Претседателот на Комисијата во Архивата** на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, треба да достават **ПРИЈАВА (линк за преземање)** во која ќе наведат
   - за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
   - за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити

Со пријавата во Архивата на Факултетот апликантите ги доставуваат и следниве документи:

- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата, (**Уверение за остварени приходи за сите возрасни членови на семејството издадено од Управа за јавни приходи**);
- за корисници на социјална помош се доставува последно решение/**потврда од центарот за социјални работи**,
- за пензионираните членови на семејството се доставува **документ за висина на пензија**
- пресуда од надлежен суд со утврдена **законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход**
- за родител на кој му е одземено родителското право - **решение од надлежен суд** и/или

- за починат родител - **извод од матичната книга на умрените**
- изјава за бројот на членовите во семејството (линк за преземање)
- изјава за согласност за обработка на податоци (линк за преземање)

5. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител Филолошкиот факултет ќе изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати (согласно чл. 5 од Одлуката). Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година поодделно. **Ранг - листите** се објавуваат на интернет страницата на Филолошкиот факултет најдоцна **до 20.10.2025 година**.

6. Апликантите имаат право на **приговор** по објавените ранг - листи најдоцна **до 28.10.2025 година**. Комисијата на Филолошкиот факултет ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите во рок од 5 работни дена. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листа на добитници на погодноста за намалување на уписнината за Филолошкиот факултет.

7. Ненавремените и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

8. **Конечната ранг-листа** Комисијата ја објавува **најдоцна до 8.11.2025 година**.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**